Универзитет „Свети Кирил и Методиј“

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ – Скопје**

## УНИВЕРЗИТЕТСКИ ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА НОВИ БИЗНИСИ

На ден 14.04.2006 год. во просториите на Ректоратот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" се одржа свечено потпишување на договорот за формирање на универзитетски центар за развој на нови бизниси. Центарот го формираат УКИМ, МФС и Австриската агенција за развој.




На свеченоста пред присутните гости се обратија ректорот на Универзитетот, проф. д-р Ѓорѓи Мартиновски, деканот на МФС, проф. д-р Милан Ќосевски, амбасадорот на Австрија, д-р Филип Хојос и координатор на проектот, доц. д-р Радмил Поленаковиќ.

Проектот има 2 фази. Првата фаза е во времетраење од две години. Неговата вкупна вредност е околу 500 000 евра.

Основни цели на проектот се подобрување на претприемничкиот дух помеѓу студентите, дипломираните студенти и вработените во УКИМ преку претприемничка обука, потоа подобрување на претприемничкото знаење и експериментални методи кај дел од предметите, како и забрзан економски развој преку мрежна соработка на формираните компании и нивна успешна интеграција во современите евопски економски текови.

## ТЕМПУС ПРОЕКТИ

Согласно извештајот на ЕС, одобрени се два Темпус SCM проекти каде координатор е МФС. Тоа се проектите:

- "Quality Assurance and Accreditation System Network", каде контрактор е Универзитетот Македонија од Солун, а координатор е МФС односно проф. д-р Славе Арменски,
- "Web Based Multimedia E-Learning for Applied Technologies", каде контрактор е Техничкиот универзитет од Торино, а координатор е МФС односно доц. д-р Валентина Гечевска.

## ДЕНОВИ НА ОБРАЗОВАНИЕ И КАРИЕРА

МФС учествуваше на манифестацијата "Денови на образование и кариера" која се одржа од 06 до 08.04.2006 год. на Скопскиот саем. Посетата од страна на средношколците беше на завидно ниво.

## СЕМИНАР

На ден 07.07.2006 год. во рамките на активностите на ЦИРКО, а во соработка со Техничко развојниот центар од Нови Сад се одржа еднодневен семинар на тема: Нови технологии во електричните мерења на механичките големини.

## МЕЃУНАРОДЕН ФОРУМ

На ден 05.04.2006 год. во склоп на манифестацијата "Денови на енергетика 2006" МФС и МАЦЕФ организираа меѓународен форум на тема инвестиции во енергетиката во наредниот период.

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

Министерството за ОН распиша конкурс за доделување на средства за објавување на научни книги и научни списанија во 2006 година. Содржината на конкурсот е достапна на огласна табла во Деканатот.

## ДОКТОРСКИ СТУДИИ

1. Асс. м-р Игор Ѓурков на ден 07.04.2006 година успешно ја одбрани својата докторска дисертација.

***Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата!***

## О Т С У С Т В А

1. Проф. д-р Константин Димитров, од 1 до 4.04.2006 год. престојуваше во Италија, каде што учествуваше на состанокот на Одборот на проектот DEZIRE кој се однесува на огранизирање на далечинска настава од областа на енергетската ефикасност и обновливи извори на енергија.

2. Доц. д-р Радмил Поленаковиќ, на ден 8.04.2006 год, престојуваше во Центарот за кариера при SITY Liberal Studies во Солун, Грција, каде што се запозна со услугите кои овој Центар ги пружа кон студентите.

3. Проф. д-р Александар Мојсовски, на 9 и 10.04 2006 год. престојуваше во Грција со цел продолжување на активностите на научноистражувачкиот проект број 03-2628 од 2003 год.

4. Проф. д-р Љубица Петрушевска, на 20 и 21.04.2006 год престојуваше на Машинскиот факултет во Белград заради набавка на стручна литература како и размена на искуства за начинот на реализирање на вежби по одредени предмети воведени со КТС на нашиот факултет.

5. Доц. д-р Валентина Гечевска, во период од 24 до 28.04.2006 год. престојува во Германија каде што треба да оствари посета и престој на Техничкиот универзитет во Бохум, со цел продолжување на работни активности на Темпус ЈЕП проектот DEREC Development of Environmental and Resources Engineering Curriculum.

6.Проф. д-р Добре Рунчев, во период од 25 до 27.04.2006 год. учествува на Советувањето "Заваривање 2006" во Златибор, СЦГ на кое презентира реферат под наслов: "Лемљење поцинкованих лимова новим "ShopArc" поступком".

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**27.04.2006**
**18 СЕДНИЦА НА ННС**

**01 и 02.05.2006**
**НЕРАБОТНИ ДЕНОВИ ПО ПОВОД ДЕНОТ НА ТРУДОТ**

**25.05.2006**
**19 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**

*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*

**Година 2006, април, број 49**

# Ф А К У Л Т Е Т С К И
# МФС
# И Н Ф О Р М А Т О Р

## ОТВОРЕН ДЕН НА МФС

На ден 01.04.2006 год. се одржа отворен ден на кој што дојдоа околу 220 средношколци и лично се запознаа со можностите за студирање на МФС.



На крајот се одржа наградна игра во која најсреќниот посетител доби награда беплатен упис на МФС. Останатите добитници добија награда гратис влезници за журките по скопските дискотеки.